Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14 и 43/14) и член 40 од Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија, бр.01-01-1255/1 од 24.12.2013 година, главниот државен ревизор донесе:

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година

1. Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година број 01-1259/1 од 25.12.2013 година и во Годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година број 01-359/1 од 03.03.2014 година , во точка 2 бројот „101“ се менува и гласи „102“.

2.Во Преглед на планирани ревизии за 2014 година, Прилог 1 – во редниот број „35 “, по зборовите „ВМРО ДПМНЕ “, - во редниот број „36“, по зборот „СДСМ“, - во редниот број „37“, по зборот „ДУИ“, - во редниот број „38“, по зборот „ДПА“ се додаваат зборовите „ предвремени парламентарни избори“ “ и гласат:

| ИК | Ред. бр. во Годишна програма | Ред. бр. во класата | О П И С | Место |
|---|---|---|---|---|
| 4 | 35 | 1 | ВМРО ДПМНЕ – предвремени парламентарни избори | Скопје |
| 4 | 36 | 2 | СДСМ– предвремени парламентарни избори | Скопје |
| 4 | 37 | 3 | ДУИ– предвремени парламентарни избори | Скопје |
| 4 | 38 | 4 | ДПА– предвремени парламентарни избори | Скопје |

3.Во Преглед на планирани ревизии за 2014 година, Прилог 1 – по реден број „38 “, се дополнува со редните броеви „ 39, 40, 41 и 42“ и гласат:

| ИК | Ред. бр. во Годишна програма | Ред. бр. во класата | О П И С | Место |
|---|---|---|---|---|
| 4 | 39 | 5 | Група пратеници претседателски избори 2014 – Стево Пендаровски | Скопје |
| 4 | 40 | 6 | ВМРО ДПМНЕ претседателски избори 2014 – Ѓорѓе Иванов | Скопје |
| 4 | 41 | 7 | Група избирачи претседателски избори 2014 – Зоран Поповски | Скопје |
| 4 | 42 | 8 | Група избирачи претседателски избори 2014 – Илаз Халими | Скопје |

4.Во Преглед на планирани ревизии за 2014 година, Прилог 1 - редните броеви „41 – Републички совет за безбедност во сообраќајот на патиштата во РМ “, „46 – НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид “ и „47 – НУ Музеј на Македонија “ се бришат.

5.Редните броеви во Преглед на планирани ревизии за 2014 година, Прилог 1 - од бројот „39“до 101“ соодветно се менуваат и бројот „101“ се заменува со бројот „102“.

6.Годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година влегува во сила со денот на донесувањето.

Главен државен ревизор,

м-р Тања Таневска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

бр.01-359/2

Скопје, 18.08.2014